ПОДДРЖАНО ОД:
ENDORSED BY:
SEEMF
Southeast European Medical Forum

# 4ТИ КОНГРЕС
## НА ГИНЕКОЛОЗИ И АКУШЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
(со меѓународно учество)

# 4TH CONGRESS
## OF GYNECOLOGISTS AND OBSTETRICIANS OF MACEDONIA
(with international participation)

ХОТЕЛ ИНЕКС ГОРИЦА, ОХРИД
HOTEL INEX GORICA, OHRID
12-14.05.2017



# КНИГА СО ПРЕДАВАЊА И АПСТРАКТИ

# BOOK OF LECTURES AND ABSTRACTS

# ОРАЛЕН ГЛУКОЗА ТОЛЕРАНС ТЕСТ (ОГТТ) КАЈ ТРУДНИЦИ – АНАЛИЗА НА 5 ГОДИШЕН ПЕРИОД

Коцевска Ана - 1, Коцевска Борка - 2

1 - ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство "Мајка тереза" Чаир - Скопје, 2 - ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабет и болести на метаболизмот - Скопје

Клучни зборови: орален глукоза толеранс тест, гестациски дијабет, бременост, лабораторија

E-mail: a_kocevska@yahoo.com

Вовед: Гестацискиот дијабет (ГДМ) е пореметување на метаболизмот на гликозата, со различен степен на изразеност на клиничката слика, кое за прв пат се јавува во тек на бременост. Гестацискиот дијабет може да доведе до многу компликации како кај мајката, така и кај плодот. Тие може да се детектираат за време на бременоста, за време на породувањето и пуерпериумот или пак многу подоцна во животот. Многу студии покажаа дека инциденцата на ГДМ расте паралелно со зголемувањето на инциденцата на дијабет тип 2. Со воведувањето на новите дијагностички критериуми за ГДМ и со растот на стапката на обезитет, се очекува понатамошен пораст на преваленцата на ГДМ. Во нашата република, за дијагноза на ГДМ, кај пациентки со вредности на утринска гликемија <5,1mmol/l, од 24 до 28 гестациска седмица се изведува 2-часовен тест на оптоварување со 75 грама гликоза, кај сите бремени жени кај кои не е дијагностициран дијабет порано во бременоста.
Материјал и методи: Во оваа ретроспективна студија, анализирани се наодите од ОГТТ тестови од лабораториските дневници во Центарот за дијабет при Клиниката за ендокринологија, дијабет и метаболни нарушување, во периодот од 01.01.2011 – 31.12.2015 година. Во анализата се вклучени 1626 пациентки.
Резултати: Во петгодишниот период, ОГТТ е направен кај вкупно 1626 трудници. Кај 643 (39,5%) тестот бил позитивен, односно дијагностициран е гестациски дијабет.
Во 2011 година направени се 472 тестови, од кои 154 (32,6%) биле позитивни. Во 2012 година направени се 486 тестови, од кои 199 (40,9%) биле позитивни. Во 2013 година направени се 332 тестови, од кои 145 (43,7%) биле позитивни. Во 2014 година направени се 169 тестови, од кои 71 (42%) биле позитивни.
Во 2015 година направени се 167 тестови, од кои 74 (44,3%) биле позитивни.

Заклучок: Од добиените резултати, се детектира тренд на зголемување на инциденцијата на гестациски дијабет во нашата лабораторија. Исто така, се согледува тренд на намалување на вкупниот број направени ОГТТ во нашата лабораторија, што се должи на воведувањето на системот за закажување на прегледи "мој термин", отворањето на Центри за дијабет низ републиката, како и изведувањето на овие тестови и во приватни лабораторији. Брзата и ефикасна дијагностика на гестацискиот дијабет е многу значајна, со цел навремено да се започне со соодветна терапија, со што ќе се превенира појавата на компликациите од ова нарушување.